*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на<br>Општината Штип<br>Излегува по потреба | Број 1<br>31 јануари 2006 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLIII |
|---|---|---|

1.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-245/2
30 јануари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

2.

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ", број 62/04) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 25 јануари 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), се додава нов член 2 кој гласи:

"На сите угостителски објекти во Општината Штип им се продолжува работното време за **1 (еден) час** без надоместок и тоа:

- на денот на ослободување на град Штип - 8^ми^ Ноември (еден ден); и
- во деновите на одржувањето на фестивалот на забавни мелодии "Макфест"(три дена)."

Член 2

По членот 2 се додава нов член 3 кој гласи:

"На угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги, им се продолжува работното време за **еден час** во деновите недела, понеделник, вторник, среда и четврток (доколку не се претпразнични или празнични денови) и во периодите од 16 февруари до 31 мај и од 1 септември до 24 декември.

За продолжување на работното време од став 1 на овој член се плаќа надоместок за секој ден на продолжено работење и тоа:

1. Угостителските објекти што вршат дејност во деловни простории со површина до 20 $м^2$ - 150 денари од ден;
2. Угостителските објекти што вршат дејност во деловни простории со површина од 20 $м^2$ до 50 $м^2$- 200 денари од ден; и
3. Угостителските објекти што вршат дејност во деловни простории со површина над 50 $м^2$- 250 денари од ден.

Продолжувањето на работното време од став 1 на овој член важи за угостителски објекти што не се во колективни стабени згради освен за угостителски објекти што вршат дејност во деловни простории со површина до 20 $м^2$ и тоа: гостилници, киосци, кебапчилници, млечни ресторани, бистроа, објекти за брза исхрана и кантини.

Надоместокот од став 2 на овој член се приход на буџетот на Општина Штип."

Член 3

По членот 3 се додава нов член 4 кој гласи:

"Барањето за продолжување на работното време за еден час се поднесува до Одделението за комунални работи на Општината Штип.

Кон барањето се приложува доказ за регистрирана дејност од Основниот суд - Штип

Доколку угостителскиот објект ги задоволува условите од член 2 на оваа Одлука, Одделението за комунални дејности ќе донесе решение за продолжување на работното време за 1 час.

Решението се издава за најмалку 2 именувани дена во седмицата, а најдолго до 1 година.

Решението не може да се пренесе на друго правно или физичко лице."

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-245/1
25 јануари 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

3.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП
## ЗА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општината Штип за 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-246/2
30 јануари 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

4.

Врз основа на член 21 точка 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 25 јануари 2006 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП
## ЗА 2006 ГОДИНА

### I. ИЗВЕШТАЕН ДЕЛ

1. Извештај за извршување на буџетот на Општината Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: февруари

2. Извештај за работењето на ЈП "Исар"-Штип во 2005 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: февруари

3. Извештај за работењето на ЈП "Штип-проект"-Штип во 2005 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип

РОК: февруари

4. Извештај за работењето на ЈП "Фортуна" - Штип во 2005 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Фортуна"- Штип
РОК: февруари

5. Извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината Штип.

НОСИТЕЛ: МВР
РОК: февруари

6. Годишен извештај за работа на ОУ "Димитар Влахов"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Димитар Влахов"- Штип
РОК: август-септември

7. Годишен извештај за работа на ОУ "Тошо Арсов"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ОУ " Тошо Арсов"- Штип
РОК: август-септември

8. Годишен извештај за работа на ОУ "Ванчо Прке"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ОУ " Ванчо Прке"- Штип
РОК: август-септември

9. Годишен извештај за работа на ОУ "Гоце Делчев"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ОУ " Гоце Делчев"- Штип
РОК: август-септември

10. Годишен извештај за работа на ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски "- Штип
РОК: август-септември

11. Годишен извештај за работа на ДСТУ "Димитар Мирасчиев"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ДСТУ "Димитар Мирасчиев"
РОК: август-септември

12. Годишен извештај за работа на ДЕМУ "Коле Нехтенин"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ДЕМУ "Коле Нехтенин"
РОК: август-септември

13. Годишен извештај за работа на ДСМУ "Јане Сандански"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ДСМУ "Јане Сандански"
РОК: август-септември

14. Годишен извештај за работа на Ученички центар за музичко образование-Штип (за основно музичко образование) за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: Ученички центар за музичко образование
РОК: август-септември

15. Годишен извештај за работа на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка "Астибо"-Штип за 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: Детска градинка "Астибо"
РОК: август-септември

16. Годишен извештај за работа на Јавната установа за деца-Општинска детска градинка "Вера Циривири-Трена"-Штип за учебната 2005/2006 година.

НОСИТЕЛ: ЈУ "Вера Циривири-Трена"
РОК: август-септември

17. Извештај за работењето на Радио Штип во 2005 година.

НОСИТЕЛ: Радио Штип
РОК: февруари

18. Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: јуни, септември, декември

## II. ПРОГРАМСКИ ДЕЛ

1. Програма за работа на Советот на Општината Штип за 2007 година.

НОСИТЕЛ: Сектор за правни, финансиски и општи работи
РОК: декември

2. Програма за уредување на градежно земјиште за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: октомври

3. Програма за одржување на сообраќајната сигнализација за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: октомври

4. Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: октомври

5. Програма за јавно осветлување за 2007 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: октомври

6. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализации за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП " Исар"-Штип
РОК: октомври

7. Програма за одржување на јавна чистота за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: октомври

8. Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: октомври

9. Програма за одржување на гробиштата за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: октомври

10. Програма за одржување на коритото на р. Отиња за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: октомври

11. Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општината Штип за 2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип- Проект"-Штип
РОК: октомври

12. Програма за одржување на локалните патишта во Општината Штип за 2006/2007 година во зимски услови.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип- Проект"-Штип

РОК: октомври

13. Програма за работа на Радио Штип за 2007 година.

НОСИТЕЛ: Радио Штип
РОК: октомври

14. Годишна програма за работа на ОУ "Димитар Влахов"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Димитар Влахов"
РОК: август-септември

15. Годишна програма за работа на ОУ "Тошо Арсов"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Тошо Арсов"
РОК: август-септември

16. Годишна програма за работа на ОУ "Ванчо Прке"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Ванчо Прке"
РОК: август-септември

17. Годишна програма за работа на ОУ "Гоце Делчев"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Гоце Делчев"-Штип
РОК: август-септември

18. Годишна програма за работа на ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"
РОК: август-септември

19. Годишна програма за работа на ДСТУ "Димитар Мирасчиев"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ДСТУ "Димитар Мирасчиев"
РОК: август-септември

20. Годишна програма за работа на ДЕМУ "Коле Нехтенин"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ДЕМУ "Коле Нехтенин"
РОК: август-септември

21. Годишна програма за работа на ДСМУ "Јане Сандански"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ДСМУ "Јане Сандански"

РОК: август-септември

22. Годишна програма за работа на Ученички центар за музичко образование-Штип (за основно музичко образование) за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: Ученички центар за музичко образование
РОК: август-септември

23. Годишна програма за работа Општинската јавна установа за деца-Детска градинка "Астибо"-Штип за 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: Детска градинка "Астибо"
РОК: август-септември

24. Годишна програма за работа Јавната установа за деца-Општинска детска градинка "Вера Циривири-Трена"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈУ "Вера Циривири-Трена"
РОК: август-септември

## III. ТЕМАТСКИ ДЕЛ

1. Информација за состојбата и користење на средствата од месниот самопридонес.

НОСИТЕЛ: Комисија за контрола на наплатата и употребата на средствата од самопридонесот
РОК: јуни, декември

2. Информација за работа на ЈП "Исар"-Штип.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип.
РОК: јуни, септември

3. Информација за работа на ЈП "Штип - Проект"-Штип.

НОСИТЕЛ: ЈП ""Штип-проект"-Штип.
РОК: јуни, септември

4. Информација за состојбата на локалната патна мрежа во Општината.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: јуни, октомври

5. Информација за зимско одржување на улиците.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип

РОК: март

6. Информација за работа на Радио Штип.

НОСИТЕЛ: Радио Штип.
РОК: јуни

7. Информација за реализација на Програмата за јавното осветлување за 2006 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: јуни, октомври

8. Информација за работењето на комуналнатата и сообраќајната инспекција.

НОСИТЕЛ: Комунална и сообраќајна инспекција
РОК: јуни, септември

9. Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот во согласност со Статутот на Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: јуни, декември

10. Информација за реализираните проекти во Општината добиени од меѓународни организации.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: ноември

11. Информација за состојбата со бесправната градба во Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
РОК: март

## IV. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

1. Завршна сметка за извршување на буџетот на Општината Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: март

2. Завршна сметка на ЈП "Исар"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: март

3. Завршна сметка на ЈП "Штип - Проект" - Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: март

4. Завршна сметка на Радио Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: Радио Штип
РОК: март

5. Завршна сметка на ОУ "Димитар Влахов"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Димитар Влахов"-Штип
РОК: март

6. Завршна сметка на ОУ "Тошо Арсов"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Тошо Арсов"-Штип
РОК: март

7. Завршна сметка на ОУ "Ванчо Прке"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Ванчо Прке"-Штип
РОК: март

8. Завршна сметка на ОУ "Гоце Делчев"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Гоце Делчев"-Штип
РОК: март

9. Завршна сметка на Ученички центар за музичко образование-Штип (за основно образование) за 2005 година.

НОСИТЕЛ: Ученички центар за музичко образование-Штип
РОК: март

10. Завршна сметка на ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип
РОК: март

11. Завршна сметка на ДСТУ "Димитар Мирасчиев"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ДСТУ "Димитар Мирасчиев"
РОК: март

12. Завршна сметка на ДЕМУ "Коле Нехтенин"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ДЕМУ "Коле Нехтенин"

РОК: март

13. Завршна сметка на ДСМУ "Јане Сандански"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ДСМУ "Јане Сандански"
РОК: март

14. Завршна сметка на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка "Астибо"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: Детска градинка "Астибо"
РОК: март

15. Завршна сметка на Јавната установа за деца-Општинска детска градинка "Вера Цириви-Трена"-Штип за 2005 година.

НОСИТЕЛ: ЈУ "Вера Циривири-Трена"
РОК: март

16. Буџет на Општината Штип за 2007 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: декември

17. Предлог-Одлука за измена на деталниот урбанистички план на град Штип.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: по потреба

18. Изготвување и измени на нормативните акти на Советот на Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Стручната служба
РОК: Континуирано преку целата година

## V. ИНФОРМАТИВЕН ДЕЛ

1. Информација за социјалната состојба во Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Министерството за труд и социјална политика со центарот за социјални работи
РОК: февруари

2. Информација за состојбите во областа на вработувањето.

НОСИТЕЛ: Центар за вработување-Штип
РОК: февруари

3. Информација за остварување на буџетот на Општината Штип за периодот 01.01 до 30.06.2006 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: јули

4. Информација за инфективните заболувања во Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Медицински центар-Штип
РОК: февруари

5. Информација за начинот и условите на слободен пристап до информации за услугите на граѓаните што ги обезбедува Општината.

НОСИТЕЛ: ЕЛС
РОК: декември

**VI. Перманентна работа на Советот се сите задачи што ќе произлезат во тековното работење на Советот**.

Број 0701-246/1
25 јануари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

5.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП "ИСАР" ЗА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за работа на ЈП "Исар" за 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-247/2
30 јануари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

6.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 14, 15, 16, 17 и 18 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 25 јануари 2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА РАБОТА НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА

Член 1

Се донесува Програмата за работа на ЈП "Исар"-Штип за 2006 година со следните **заклучоци**:

- Програмата ќе се реализира согласно предвидените средства во буџетот на Општината Штип за 2006 година.
- Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводни и канализациони линии за 2006 година да се дополни: - Реконструкција на водоводната линија во населба "Три Чешми" на потегот од петлата до зградата на сообраќајна полиција.

Член 2

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-247/1
25 јануари 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

7.

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА НА ЈП "ИСАР"-ШТИП
ЗА 2006 ГОДИНА

Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар" е основано од страна на Советот на Општина Штип (11.03.1997 година) заради вршење на стопанска дејност од комуналната област од јавен интерес на територијата на Општина Штип.

Согласно член 7 од Статутот на ЈП "Исар" основни дејности на претпријатието се:

- Производство и дистрибуција на вода;
- Пречистување и одведување на отпадните води;
- Уредување и одржување на паркови, зеленило и рекреациони површини;
- Чистење на јавно-прометни површини;

- Изнесување и депонирање на отпадоци;
- Погребни услуги, уредување и одржување на гробишта;
- Одржување и заштита на шуми;
- Други неспомнати комунални услуги.

Јавното претпријатие своите дејности ги извршува преку следниве работни единици:

РЕ "Заеднички служби"
РЕ "Водовод и канализација"
РЕ "Комунална хигиена"
РЕ "Пазар и наплатна служба"
РЕ "Погребна служба"
РЕ "Зеленило и спортски објекти"
РЕ "Бања Кежовица со хемиско чистење"

## П Р О Г Р А М А

за изградба, реконструкција и одржување на
водоводни и канализациони линии за 2006 година

Производтвото и дистибуцијата на водата за пиење како и одведувањето на отпадните води се основни дејности на ЈП "Исар"-Штип кои се извршуваат преку **РЕ "Водовод и канализација".**

Р.Е."Водовод и канализација" врши редовно водоснабдување на град Штип и приградските населби Три Чешми и Стар Караорман, како и селата Драгоево и Долани.

Одржувањето на овие системи е континуирана активност што ја извршуваат вработените по предходно изработен план.

Исто така оваа работна единица врши оддржување на постоечката главна и секундарна канализациона мрежа во градот и приградска населба Три чешми.

Р.Е."Водовод и канализација" извршува и работи кои се сврзани со проектирање, изградба и реконструкција на системот за водоснабдување и на системот за одвод на отпадни води.

Во текот на 2006 година оваа работна единица ги планира следните активности:

**Изработување на инвестиционо-техничка документација**

| | |
|---|---|
| 1.Изработка на главен проект за Линија 2. | 200.000,00 |
| 2.Изработка на Главен проект за линија за врска на постоечка водоводна линија во нас.гБаби 5г со Линија 1. | 25000,00 |
| 3.Изработка на Елаборат за заштитни зони за водозафатните подрачја. | 100.000,00 |
| 4. Изработка на план со дефинирање на опфатите од т.н висока зона со цел рамномерно оптеретување на постоечките резервори ("Каракуш" и "Шардаван Баши") со пуштањето во функција на Линија1. | 20000,00 |

**Изградба и реконструкција на водоводни линии**

| |
|---|
| -Изградба на водоводна линија со должина од околу 500м[1] (од ул. "Партизанска" кај автобуската станица до ул. "Гоце Делчев", кај "Мал Одмор") со што ќе се обезбедат услови за посигурно водоснабдување на населението и на индустрската зона, односно цела десна страна на река Брегалница со проценета вредност од 2.350.000,00 денари. |
| - Реконструкција на водоводна линија по улица "Кежовица" со должина од околу 250м[1] (врска со постоечка линија на ул. "Крсте Мисирков") со проценета вредност од 916.000,00 денари. |
| -Реконструкција на водоводна линија (од стовариште на "Макпетрол" до ПП "Алмонт" со должина од околу 250м[1] со проценета вредност од 230.000,00 денари. |
| - Реконструкција на водоводна линија на ул. "Митко Недев" со должина од околу 270м[1] со проценета вредност од 1.300.000,00 денари. |

**Одржување на објекти и опрема**

| |
|---|
| - Изведба на заштитна ограда на резервоарот во "Каракуш" со должина од 230м[1] со проценета вредност од 450.000,00ден. |
| - Покривање на трафостаницата во локалитетот в"Штипско езеро" со проценета вредност од 120.000,00 денари. |
| - Набавка на два електромотори за потопни пумпи (за резервни пумпи) со проценета вредност од 140.000,00 денари. |
| - Реконструкција на јавните чешми и фонтани и поставување на славини и сајнови со проценета вредност од 200.000,00 денари |

Со цел обезбедување поквалитетно водоснадување на корисниците кои се водоснабдуваат од системот за с. Долани и Драгоево, Општинскиот затвор, неколку индустриски капацитети и дел од викендичките покрај коритото на река Крива Лакавица во текот на наредната година планирана е:

Реконструкција на потисниот цевовод кон општинскиот затвор со должина од околу 2200м[1] со напомена дека реализацијата на проектот ќе биде во рамките на обезбедените средства со проценета вредност од 4.000.000,00 денари.

**Изградба и реконструкција на канализациони линии**

| |
|---|
| - Реконструкција на дел од ул. "Христијан Карпош" со должина од околу 270 м[1] со проценета вредност од 2.167.260,00 денари. |
| - Реконструкција на ул. "Д Влахов" со должина од околу 450м[1] 3.768.580,00 |
| - Реконструкција на ул. "Благој Мучето" со должина од околу 390 м[1] 3.186.579,00 |
| - Реконстукција на канализациона линија по ул. "Сане Георгиев" со должина од околу 150м[1] со проценета вредност од 400.000,00 денари. |

Во текот на оваа година планирано е да се продолжи со изработка на подземниот катастер, уцртување на постоечката (основната) водоводна и канализациона мрежа.

Сакаме да напоменеме дека како критериуми за изградба и реконструкција на водоводни и канализациони линии се земени:

- бројот на дефекти или запушувања
- подобрување на квалитетот во водоснабдувањето

Сите претходно наведени активности ќе се финансираат од следните извори:

- средства од Министерство за транспорт и врски (неповратни средства)
- сопствени извори
- други извори

П Р Е Г Л Е Д
на планирани приходи и расходи

| Приходи | | Расходи | |
|---|---|---|---|
| Прих.од вода претп. | 22.600.000,00 | Потр.материј.и суро. | 4.731.000,00 |
| Прих.канал.прет. | 9.570.000,00 | Пот.елект.енерг. | 17.760.000,00 |
| Прих.од вода дома. | 45.930.000,00 | Потр. горива.и мази. | 1.970.000,00 |
| Прих.канал.домак. | 14.985.000,00 | Потр.рез.делови | 343.000,00 |
| Други прихо.раб.ра. | 5.500.000,00 | Трош.за услуги | 5.751.000,00 |
| Вонредни приходи | 1.000.000,00 | Амортизација | 11.789.000,00 |
| Вкупно: | 99.585.000,00 | Бруто плата | 26.141.000,00 |
| | | Хран.и друг.тро.вра. | 8.800.000,00 |
| | | Останати трошоци | 4.790.000,00 |
| | | Вкупно: | 82.075.000,00 |

П Р О Г Р А М А
за одржување на јавна чистота на подрачјето
на град Штип за 2006 година

Одржувањето на чистотата на ЈПП, изнесување и депонирање на смет од потрошувачите, одржување и управување со депонијата за смет се основни дејности на ЈП "Исар"-Штип кои се извршуваaат преку РЕ "Комунална хигиена", согласно Одлуката за комунален ред на Општина Штип објавена во Сл.гласник на Општина Штип број 3/98.

Собирањето и транспортирањето на сметот од јавните и сообраќајните површини, стамбени простории, претпријатија и други корисни површини во градот, Р.Е."Комунална хигиена" ја врши со 8 возила: 4 смеќари, 3 автоподигачи, 1 специјално возило автоподигач-Мерцедес и 5 трактора.

- Со цел зголемување на квалитетот на услуслгите редовно собирање и танспортирање на сметот во текот на 2006 година се планира да се набави едно специјално возило., инвестициона вредност 2006 година 500.000,00 денари.
- Изградба на плато и хидрант за миење на возилата и контејнерите, со инвестициона вредност од 20.800,00 денари.

- Во текот на 2006 година се планира да се набават 50 контејнери од 5м$^3$ и 1000 канти за смет.

Сретствата за набавка на контејнерите и кантите ќе се обезбедат преку цената на услугата.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на планирани приходи и расходи**

| Приходи | |
|---|---|
| Прих.од смет претп. | 8,900,000.00 |
| Прих.од смет дома. | 9,094,000.00 |
| Прих.од ЈПП прет. | 3,950,000.00 |
| Прих.од ЈПП дома.. | 4,100,000.00 |
| Прих.од Буџет | 1.279.930.00 |
| Други приходи | 1.820.070.00 |
| **Вкупно** | **29.144.000.00** |

| Расходи | |
|---|---|
| Потр.матерј.и суро. | 800,000.00 |
| Пот.елект.енерг. | 160,000.00 |
| Потр. гори.и мази. | 4,446,000.00 |
| Потр.рез.делови | 1,751,000.00 |
| Трошоци за услуги | 416,000.00 |
| Бруто плата | 13,450,000.00 |
| Хран.и друг.тро.вра. | 2,471,000.00 |
| Останати трошоци | 1,404,000.00 |
| Амортизација | 3.570,000.00 |
| **Вкупно:** | **28.468. 000.00** |

Согласно Одлуката за комунален ред објавена во "Службен гласник на Општина Штип", број 13/98) за 2006 година се предлага следнава програма:

I.

Метење на јавни и сообраќајни површини улици, тротоари, плоштади и паркинг плацеви секоја ноќ во годината:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ул."Маршал Тито" од Здравен дом до раскрсницата кај црквата<br>- подлога асфалт<br>- површина со тротоари | 8.250 м$^2$ |
| 2. | плочник над "Безистен"<br>- подлога мермерни плочки | 1.500м$^2$ |
| 3. | Плоштад "Слобода"<br>- подлога мермерни плочки | 2.500м$^2$ |
| 4. | Плоштад "Тошо Арсов"<br>- подлога асфалт | 3.000м$^2$ |
| 5. | ул "Ванчо Прќе"<br>- подлога асфалт | |

| | | |
|---|---|---|
| | - површина со тротоари | 8.000м$^2$ |
| 6. | ул "Гоце Делчев" од рас. ."В.Прке"позади црква "С.Николагул "Д.Влахов"до детска градинка Н. Село<br>-подлога асфалт | 5.900м$^2$ |
| 7. | ул."Христијан Карпош"<br>Од здравен дом до рас. на ул."Еврејска"<br>-подлога асфалт и коцка<br>-површина со тротоари | 3.500м$^2$ |
| 8. | ул."Јосиф Ковачев"<br>ул."Маршал Тито" позади "Трговски центар", раскрсница до црква "С.Никола"<br>-подлога асфалт<br>-површина со тротоари | 6.000м$^2$ |
| 9. | ул. "Тошо Арсов"<br>Дел од центар (Безистен)<br>-подлога асфалт | 1.000м$^2$ |
| 10. | ул. "Г.М.Апостолски"<br>- подлога асфалт и коцка<br>-површина со тротоари | 8.600м$^2$ |
| 11. | .ул."Васил Главинов"од гимназија до мост кај црква<br>-подлога асфалт<br>-површина со тротоар | 1.600м$^2$ |
| 12. | Кеј кај кулите<br>-подлога асфалт и плочки<br>-површина со тротоари | 4.150м$^2$ |
| 13. | ул."Кирил и Методи","Борис Кидрич"од семафори кај"На-ма" до семафори кај рас. "Дујле"<br>-подлога асфалт | 10.750м$^2$ |
| | Вкупно: | 67.750м$^2$ |

II.

Метење на јавни-сообраќајни површини, улици, тротоари и паркинг плацеви секој ден во годината:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ул."Партизанска"<br>Од кривина кај Исарот до Диспанзер | |

| | | |
|---|---|---|
| | -подлога асфалт<br>-површина со тротоари | 17.680м$^2$ |
| 2. | ул."Сутјеска"(дел)<br>Од школото до Електроисток<br>-подлога коцка | 9.000м$^2$ |
| 3. | ул."Панче Караѓозов"<br>-подлога коцка | 6.500м$^2$ |
| 4. | ул."Енгелсова"<br>-подлога асфалт | 5.560м$^2$ |
| 5. | ул."Булевар ЈНА" | 4.640м$^2$ |
| 6. | ул."Гоце Делчев"<br>од "Огледалото","Мал Одмор"<br>до кружен тек во нас." Жезезничка" | 31.000м$^2$ |
| 7. | Раскрсница "Дујле"<br>-подлога асфалт<br>-површина со тротоари | 6.600м$^2$ |
| 8. | Стара чаршија(степеници,тротоари)<br>позади зградите кај Трговски центар и На-Ма<br>- подлога бетонска и терацо | 3.500м$^2$ |
| | Вкупно | 84.480м$^2$ |

III.

Метење на јавни-сообраќајни површини (улици, тротоари)

еднаш во неделата

| | |
|---|---|
| 1. ул."АВНОЈ"<br>-подлога асфалт | 2.350м$^2$ |
| 2. ул."Страшо Пинџур"<br>од кам.мост до Фонд за здрав.<br>- подлога коцка | 1.650м$^2$ |
| 3. ул. "Вита Поп-Јорданова"<br>- подлога коцка | 3.500м$^2$ |
| 4. ул "Димитар Влахов"<br>од црква до мост на р.Брегалница<br>-подлога асфалт | 6.500м$^2$ |

| | |
|---|---|
| 5. ул "Крсте Мисирков"<br>- подлога асфалт | 3.000м$^2$ |
| 6. ул. "Христијан Карпош" до раскр.<br>на ул. "Коле Неделков"<br>- подлога коцка | 4.500м$^2$ |
| 7. ул. "Пиринска"<br>-подлога коцка | 3.600м$^2$ |
| 8. ул. "Гоце Делчев"<br>од бифе "Мал Одмор" до раскр."Дујле"<br>-подлога асфалт | 6.700м$^2$ |
| 9. ул. "Вељко Влаховиќ"- нас."Пребег"<br>-подлога асфалт | 4.000м$^2$ |
| 10. ул."Сремски фронт"(од "Базалт"<br>до "Дузлак") иул."Драги Крупишки" ("Дузлак")<br>11. ул. "Васил Доганџиски"<br>- од ОУ "Ванчо Прке" | 9.200м$^2$<br>6.742м$^2$ |
| 12. ул. "Славчо Стојменски"<br>- од дисконт до ул.И.Л.Рибар | 1.760м$^2$ |
| 13. "Стојан Рибата"<br>- од ул. "Иво Лола Рибар" до трговски центар | 1.272м$^2$ |
| 14.И.Л.Рибар<br>- од ОУ "Ванчо Прке" до спој со ул. "Борис Кидрич" | 4.090м$^2$ |
| 15. ул. "Радански пат"<br>- од радио Черења до ОУ "Гоце Делчев" | 6.253м$^2$ |
| 16. ул. "Борис Крајгер"<br>- од Диспанзер до спој со ул. "Панче Карагозов" | 10.566м$^2$ |
| 17.ул. "Борис Кидрич"<br>- штипски сокак | 162м$^2$ |
| 18. ул. "Лисец"<br>- од спој со "Иво Лола Рибар" до спој со "Карл Маркс" | 2.321м$^2$ |
| 19. ул. "Мирче Ацев"<br>- од Медицинско училиште до спој со "В.П.Јорданова" | 6.673м$^2$ |
| 20. ул "Лубен Иванов"<br>- од раскрсница до "Г.М.Апостолски" | 3.936м$^2$ |
| 21. ул. "Крушевска Република"<br>- од почеток до спој со "Лески" | 7.474м$^2$ |
| 22. ул. "Лески "<br>- од пат за Караорман до спој со "Крушевска Република" | 7.976м$^2$ |
| 23. ул. "Партизанска"<br>од Диспанзер до Бабите | 10.944м$^2$ |
| 24. ул. "Антон Панов"<br>од спој со "К. Република" до спој со "Лески" | 1.386м$^2$ |
| 25. ул. "Солидарност"<br>- од спој со "П.Караѓозов" до диспанзер | 3.260м$^2$ |

| | |
|---|---|
| 26. ул. "Браќа Даневи"<br>- од спој со "П. Караѓозов" до спој со "Солидарност" | 3.490м$^2$ |
| **Вкупно**: | **123.305м$^2$** |

IV.

Улици од кои се собираат отпадоци со рачни колици
секојдневно во годината во две смени

| | |
|---|---|
| 1. ул."Маршал Тито" | 8.250м$^2$ |
| 2. ул. "Ванчо Прке" со пасажи | 8.500м$^2$ |
| 3. ул."Јосиф Ковачев" (дел) | 1.000м$^2$ |
| 4. ул. "Тошо Арсов" (дел) | 1.000м$^2$ |
| 6. ул." Генерал Михајло Апостолски" (дел) | 2.500м$^2$ |
| 7. Плоштад"Слобода" | 2.500м$^2$ |
| 8. Плоштад "Тошо Арсов" | 3.000м$^2$ |
| 9. Плочник над Безистен | 1.500м$^2$ |
| Вкупно: | 28.250м$^2$ |

V.

Р А С П О Р Е Д

за миење на улици со асфалтна подлога

| | | |
|---|---|---|
| Понеделник: | "Христијан Карпош" (дел)<br>"Маршал Тито"(дел)<br>"Крсте Мисирков" | 2.500 м$^2$<br>9.500 м$^2$<br>3.000 м$^2$ |
| Вторник: | "Генерал Михајло Апостолски" (дел)<br>"Васил Главинов"(дел)<br>"Димитар Влахов"до бензинска пумпа<br>"Партизанска" до"Дујле" | 3.000 м$^2$<br>1.600 м$^2$<br>2.200 м$^2$<br>3.500 м$^2$ |
| Среда: | "В.Влаховиќ","Гоце Делчев"од раск.Алумина<br>до раск. на ул. "Ванчо Прќе" | 19.000 м$^2$ |
| Четврток: | "АВНОЈ"кеј кај кулите<br>"Јосиф Ковачев"(дел)<br>"Борис Кидрич" и дел<br>од"Кирил и Методи" | 3.960 м$^2$<br>4.150 м$^2$<br>3.000 м$^2$<br>10.700 м$^2$ |

| | | |
|---|---|---|
| Петок: | Булевар"ЈНА" | 4.640 $м^2$ |
| | "Енгелсова" | 5.560 $м^2$ |
| | Раскрсница "Дујле" | 9.400 $м^2$ |
| Сабота: | Сремски Фронт", "Д.Крупишки" | 22.000 $м^2$ |
| | "Лески" | 6.700 $м^2$ |
| | "Крушевска Република" | 4.500 $м^2$ |
| Вкупно: | | 120.700$м^2$ |

| р.бр. | динамика на интервенции | норма за 7 часа | бр.на вработени | цена $м^2$ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | секоја ноќ и ден рачно метење | 8000 $м^2$ | 17 | 0.0883 |
| 2. | секој ден собирање отпадоци со рачни колици во две смени | 10500 $м^2$ | 2 | 0.0453 |
| 3. | метење улици еднаш неделно | 5.000$м^2$ | 1 | 0.1290 |
| 4. | секој ден рачно миење | 15000 $м^2$ | 3 | 0.3255 |
| 5. | раковидител | | 1 | |

Спецификација на трошоците за чистење
на јавно-сообраќајните површини

Трошоци

| | |
|---|---|
| I. Трошоци за одржување автоцистерна: гориво,мазиво,резервни делови, регистрација,амортизација | 978.155 денари |
| II. Материјални издатоци вода за миење улици: метли,лопати, рачни колици | 798.292 денари |
| III. ХТЗ издатоци: работни одела, кожуви, ракавици кондури, чизми | 137.880 денари |
| IV. Изнесување смет од ноќно и дневно Метење,неделно 6 тури x 52 недели 312 тури x 860 денари | 268.320 денари |
| V. Изнесување земја,кал и камен по поројни дождови,утоварач,камиони, трактори,чистење јавни површини, чистење снег од тротоари, степеници, празнично работење, вонредни работи, белење странични ѕидови на р.Отиња два пати во годината и слично. | 682.687 денари |
| VI. Лични доходи<br>1. ноќни метачи 8 x 8082 x 1,30 ноќно 84.052 x 1,75 =147.091 x 12 месеци | 1.765.092 денари |

| | |
|---|---|
| 2. дневни метачи 12 x 8082 x1.75 = 169.722 x 12 месеци | 2.036.664 денари |
| 3. возачи, перачи и раководител 4 x 8848 = 35.392 x 1.75 = 61.936 x 12 месеци | 743.232 денари |
| 4. индиректни режиски трошоци 10%од заедничките трошоци на ЈП"Исар" (лични доходи,материјални трошоци) | 378.989 денари |
| VII. Општествена исхрана 24 работника x 2.200 x 11 месеци | 580.800 денари |
| VIII. Регрес за годишен одмор 24 работника x 6.400 ден ари | 153.600 денари |
| Вкупно: | 8.523.711 денари |

**Приходи**

| | |
|---|---|
| 1.Домаќинства<br>- Станбена површина909.528м$^2$x0.25=227.382,00 x12 | 2.728.584 денари |
| - дворна површина 544.875 м$^2$x0.20 =108.975x12 | 1.307.700 денари |
| 2.Претпријатија<br>- Работни простории 253.294 м$^2$ x 0,60 =151.976 x 12 | 1.823.717 денари |
| - Дворна површина 230.630 м$^2$ x 0,50 =115.315x12 | 1.383.780 денари |
| **Вкупно**: | **7.243.781 денари** |

За реализирање на програмата предвидени се следните извори на средства:

| | |
|---|---|
| 1. Преку цената на сметот за одржување на ЈПП | 7.243.781 денари |
| 2.Преку буџет на Општината Штип за одржување на ЈПП. | 1.279.930 денари |
| **Вкупно**: | **8.523.711 денари** |

Предвидените приходи од домакинствата и претпријатијата за реализирање на програмата се земени како да се во целост наплатени.

Повлекувањето на средствата од буџетот на Општината Штип ќе се врши по доставени месечни ситуации од страна на ЈП"Исар" РЕ "Комунална хигиена".

Програма
за одржување и користење на паркови и други јавни
површини од локално значење за 2006 година

ЈП"Исар"-Штип ја извршува дејноста уредување и одржување на паркови, зелени и рекреациони површини и одржување на спортски објекти. Оваа дејност се врши преку **РЕ "Зеленило и спортски објекти"**.

- Јавни градски паркови, дрвореди, скверови, тревници, цветни површини, излетнички места и приградски пошумени реони и појаси се групирани во 9 реони и тоа:

**Реон "Бриони"**

| | |
|---|---|
| 1.Парк "Триангла" лоциран помеѓу ул."Г.М Апостолски" и кеј на река Отиња | 2.700 $м^2$ |
| 2.Парк"Кули" лоциран пред првата станбена зграда од низот на згради наречен Кули | 2.672 $м^2$ |
| 3.Парк Влахчево лозје-Пчеларник,лоциран меѓу ПОС со шуми Серта и угостителски објект "Бриони" | 5.381$м^2$ |
| 4.Парк "Кртеке" лоциран помеѓу нас."Блок 77" и патот за Суитлак | 24.800$м^2$ |

**Реон "Центар"**

| | |
|---|---|
| 1. Парк "Стар Пазар"лоциран помеѓу ул."Маршал Тито" и кејот на река Отиња | 2.000$м^2$ |
| 2. Сквер пред управната зграда на ГРО"Бетон" | 80$м^2$ |
| 3. Комбинирана паркова површина "Плоштад" | 1.671$м^2$ |
| 4. Парк "Безистен" лоциран пред Домот на културата "Ацо Шопов" работничкиот универзитет и околу хотел "Астибо" | 6.148$м^2$ |
| 5. Паркова површина околу спомен обележјето на депортираните Евреи од II Светска војна | 183$м^2$ |

**Реон "Дујле"**

| | |
|---|---|
| 1.Булевар "Партизанска" | 880$м^2$ |
| 2.Сквер "Дујле" лоциран помеѓу ул."Партизанска" и ул."Борис Кидрич" | 500$м^2$ |
| 3.Тревна површина "8ми Ноември" лоциран меѓу р.Брегалница, бул."ЈНА", ПТТ и станбен блок | 15.800$м^2$ |
| 4.Сквер "Интернат" | 407$м^2$ |
| 5.Бул."Гоце Делчев" | 5.200$м^2$ |
| 6.Кружен ток на Булевар Гоце Делчев | 2.100$м^2$ |

**Реон "Пребег"**

| | |
|---|---|
| 1.Парк "Пребег" во непосредна близина на деловниот објект "Реплек" | 2.500$м^2$ |

**Реон "Исар"**

| | |
|---|---|
| 1.Спомен обележје на паднатите борци од НОВ со површина од 6.550$м^2$ | |
| 2.Косини на улица "Партизанска" со површина | 120$м^2$ |

**Реон "Баби"**

| | |
|---|---|
| 1.Парк кај М.З. | 500м2 |

**Реон "Суитлак"**

| | |
|---|---|
| 1.Излетничко место Суитлак со површина од | 25.000м$^2$ |
| 2.Градски фудбалски стадион "Брегалница | 18.000м$^2$ |

**Се вкупно: 107.392 м$^2$**

| |
|---|
| Одржување на дрвореди на: ул."Г.М.Апостолски", "Васил Главинов", "М.Тито", "В. Прке", "Сутјеска", Булевар "ЈНА", "Х. Карпош", Булевар" "Г.Делчев", "Партизанска" 2000 бр. |

- Чување на градско и приградско зеленило каде што во приградско зеленило спаѓаат следните реони: Исар и Градски гробишта .

Во градското зеленило ќе се извршуваат активности според календарот за работа кои следуваат според сезоната:чистење на зелените површини со гребулење,собирање на отпад и шут, метење стази, сечење и кастрење на суви, стари и оболени дрва, кастрење грмушки, прашење, окопување, машинско и рачно косење со гребулење, полевање со прскалки и рачно, полевање дрвореди со цистерна, припрема на цветни површини со садење, прашење и полевање, кубрење на тревни површини и чување на градското и приградско зеленило со шумо-чувари.

- Обновување на дрворедите низ градот со нови садници со претходна санитарно-техничка сеча на стари и суви стебла. Проектирање и изведба на нови дрвореди низ градот.

- Еколошки акции за пошумување на голините во градскиот и приградски реон, посебно месноста викана "Мерите" и "Суитлак".

- Расадничкиот матерјал и садниците кој ќе се користат за одржување на зелените површини се од сопствено производство од постојниот расадник. Расадникот ќе биде одржуван а во 2006 година е планирано и зголемивање на неговиот капацитет.

Покрај редовното одржување на зелените површина во текот на 2006г. е планиарано уредување на следниве паркови површини:

**Реконструкција на парк "8ми Ноември"**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.Тревни површини 15.800м2 џ0.05кг. | 790 | 200 | 158.000 |
| 2.Клупи | 50 | 5000 | 250.000 |
| 3.Корпи за отпадоци | 40 | 2000 | 80.000 |
| 4.Кандалабри | 20 | 10000 | 200.000 |
| 5.Садници | | | 100.000 |
| Вкупно | | | **788.000 денари** |

## Реконструкција на парк "Кртеќе"

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. Тревни површини 2.000м2х0.05кг. | 100 | 200 | 20.000 |
| 2. Клупи | 40 | 5000 | 200.000 |
| 3. Корпи за отпадоци | 50 | 2000 | 100.000 |
| 4. Кандалабри | 25 | 10000 | 250.000 |
| 5. Садници | | | 100.000 |
| Вкупно | | | **670.000денари** |

## Реконструкција на парк "Бриони" и парк "Кули"

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Тревни површини 1.000м2џ0.05кг. | 50 | 200 | 10.000 |
| 2.Клупи | 30 | 5000 | 150.000 |
| 3.Корпи за отпадоци | 25 | 2000 | 50.000 |
| 4.Садници | | | 70.000 |
| Вкупно | | | **260.000 денари** |

| | |
|---|---|
| Вкупно**:** | **1.718.000 денари** |

Врз основа на нормите за одржување на градското и приградско зеленило добиени преку Стопанска комора на Македонија и единични цени на чинење на одржување на м$^2$/бр. е даден следниот табеларен преглед:

| | квалиф. | Ед.раб.часов. | бр/м$^2$ | норма | цена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Машинско косење | КВ | 0,0027 | м$^2$ | 3000 | 0,95 |
| 2. Гребулење тревник пред машинско косење | НК | 0.0016 | | 5000 | 0.24 |
| 3.Машинско косење со ротациона косачка влечена со трактор | КВ | 0.0016 | | 10000 | 0.25 |
| 4.Гребулење и собирањ. на трева | НК | 0,0016 | " | 3000 | 0,50 |
| 5. Изнесување трева со количка | НК | 2 | | 10000 | 0.11 |
| 6. Чистење тревник од лист | НК | 0.01 | | 800 | 1.47 |
| 7. Утовар на лист во трактор | НК | 0.0015 | | 5500 | 0.22 |
| 8. Утовар на трева во трактор | НК | 0.0004 | | 20000 | 0.10 |
| 9. Утовар на гранки | ПК | 1 | м$^3$ | 8 | 210 |
| 10. Сечење на плевел по патеки | НК | 0.02 | | 350 | 7.81 |
| 11. Рачно косење | ПК | 0,0053 | " | 1500 | 2,39 |
| 12. Полевање на тревник (рачно) | НК | 0 ,0027 | " | 3000 | 0,95 |
| 13. Полевање на тревник со распрскувач | НК | 0,0027 | М$^2$ | 3000 | 0.30 |
| 14. Полевање дрворед со цистерна | ПК | 0.08 | бр | 100 | 19,98 |
| 15.Окопување на грмушки и жива ограда во паркови површини | ПК | 0.0889 | бр | 100 | 15.93 |
| 16.Прашење на цветни површини | ПК | 0.08 | м$^2$ | 100 | 19.50 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17.Окопување-прашење ружи | ПК | 0.08 | бр. | 100 | 17.34 |
| 18. Окопување дрворед | ПК | 0,1429 | " | 58 | 30,00 |
| 19.Кроење гранки | КВ | 0,4706 | бр. | 10 | 60.90 |
| 20. Кроење грмушки | КВ | 0,1778 | " | 45 | 20,38 |
| 21. Кастрење гранки | КВ | 1,5 | " | 17 | 191,12 |
| 22. Собирање отпад. и хартија | НК | 0,0003 | м$^2$ | 26677 | 0,06 |
| 23 Кроење жива ограда | КВ | 0,1778 | " | 150 | 11.00 |
| 24. Сечење на суви дрвја | КВ | 2,6667 | бр. | 3 | 162.4 |
| 25.Метење патеки | ПК | 0,0012 | " | 4000 | 0,29 |
| 26.Садење сезонско цвеќе | КВ | 0,1194 | м$^2$ | 1.100 | 23,30 |
| 27.Копање дупки за садење садници | КВ | 0,54 | бр. | 50 | 132,50 |
| 28.Поправка парковски клупи и бојадисување | КВ | 105,54 | бр. | 40 | 40,60 |
| 29.Расфрлање ѓубре со количка до 50м | ПК | 2 | м$^3$ | 4 | 478.06 |
| 30.Одржување на жардињери<br>-полевање<br>-плевање<br>-прашење | ПК<br>ПК<br>ПК | 0,0027<br>0,08<br>0,0889 | "м$^2$ | 3000<br>100<br>90 | 0.68<br>19.98<br>22,22 |
| 31.Расфрлање песок со количка до 50м | ПК | 2 | м$^3$ | 4 | 478.06 |
| 32.Чистење на паркови патеки степеници од снег | НК | 0,0217 | м$^2$ | 370 | 5.17 |
| 33. Валирање тревник | ПК | 0,0025 | м$^2$ | 7000 | 0.25 |

## П Р Е Г Л Е Д
## на планирани приходи и расходи

| **Приходи** | |
|---|---|
| Прих.од зел.претпр. | 1.550.000,00 |
| Прих.од зел.домак | 1.710.000,00 |
| Други приходи | 350.000,00 |
| Средства од буџетот за одржување на зелени површини | 3.020.879,00 |
| Срества од буџет за одржување на р.Отиња | 660.221,00 |
| **ВКУПНО :** | **7.291.100,00** |

| **Расходи** | |
|---|---|
| Потр.матерј.и суро. | 2.368.000,00 |
| Потр.елект.енрг. | 15.000,00 |
| Потр.гориво | 150.000,00 |
| Потр.резер.делови | 15.000,00 |
| Трошоци за услуги | 70.000,00 |
| Амортизација | 150.000,00 |
| Бруто плата | 3.698.100,00 |
| Хранарина и др.тро.враб. | 745.000,00 |
| Други трошоци | 80.000,00 |
| **Вкупно:** | **7.291.100,00** |

За извршување на работните операции дадени во табеларниот преглед РЕ "Паркови и зеленило" располага со:

**основни средства**

| | | |
|---|---|---|
| 1. трактор Тома Винковиќ | бр. | 1 |
| 2. трактор голем со сите приклучни машини | бр. | 1 |
| 3. моторна косилица за трева | бр. | 3 |
| 4. моторна пила | бр. | 3 |

**Вработени**

| | |
|---|---|
| 1. шеф на РЕ "Паркови и зеленило " | |
| 2. техничар оперативец | 3 извршители |
| 3. одржувач на стадион | 1 извршител |
| 4. расадничар | 1 извршител |
| 5. општи работници | 10 извршители |
| Вкупно | 16 извршители |

Програма за одржување на коритото на река Отиња за 2006 година

Вкупната површина на коритото на река Отиња е 59.315м$^{2.}$ Во текот на целата година според календарот за работа ќе се врши редовно косење и наводнување на 35.000м$^2$ површина која е посејана со тревно семе .На оваа површина има ископано два бунара од кои преку систем за наводнување се врши редовно наводнување на истата.Останатиот дел од 24.315м$^2$не е посеан со тревно семе и нема ископано бунари кои би служеле за наводнување, единствено самоникнатата трева рачно се коси.

С П Е Ц И Ф И К А Ц ИЈ А
на трошоци за одржување на коритото на река Отиња
планирани средства од Буџет на СО Штип

| | |
|---|---|
| 1. Машинско косење во река Отиња<br>44.000м$^2$х 0,25=11.000,00х 2 =22.500,00 х 5 | 110.000,00 |
| 2.рачно косење во река Отиња<br>15.315м$^2$х2,39=36.603 х7 | 256.221,00 |
| 3. наводнување во река Отиња<br>35.000м$^2$х 0,30=10.500 х 4 пати=42.000 х 7 | 294.000,00 |
| **Вкупно денари**: | **660.221,00** |

П Р О Г Р А М А

за работа за 2006 година на
РЕ "Пазар со наплатна служба"

Делот од работната единица - Пазарна служба врши пазарни услуги редовно одржување на новиот и стариот пазар, издавање на ваги, резервација на тезги и наплата на пазарна такса. Редовно врши сервисирање на неисправните ваги и тезги и редовно одржување на хигиената со метење, миење и собирање на отпадоци во и околу пазарот.

Покрај извршувањето на секојдневните редовни работни задачи во текот на 2006 година се планирани и следниве активности:

| | |
|---|---|
| 1. Поправка на старите тезги со проценета вредност од | 50.000,00 |
| 2. Санирање на дел од плато 314 со проценета вредност | 100.000,00 |
| 3. Набавка и поставување на тезги од затворен тип проценета вредност | 500.000,00 |
| Вкупно: | 650.000,00 |

Наведените активности се планира да се финансираат од сопствени извори.

ПРЕГЛЕД
на планирани приходи и расходи

| Приходи | |
|---|---|
| | |
| Прих.од паз.такса | 1.300.000,00 |
| Прих.од резервации | 800.000,00 |
| Други приходи | 350.000,00 |
| Вкупно: | 2.450.000,00 |

| Расходи | |
|---|---|
| | |
| Потр.матерј.и суро. | 650.000,00 |
| Потр.елект.енрг. | 50.000,00 |
| | |
| Трошоци за услуги | 20.000,00 |
| Амортизација | 250.000,00 |
| Бруто плата | 1.240.000,00 |
| Храна и др.трошоци за враб. | 200.000,00 |
| Вкупно: | 2.410.000,00 |

Делот од работната единица-Наплатната служба во текот на 2006 година планира редовно извршување на секојдневните работни задачи: редовно читање на состојбите на броилата (водомерите), секој месец ќе се изработуваат сметките за вода и смет. Сметките месечно преку инкасаторите ќе се доставуваат до граѓаните. Наплата на сметките ќе може да се врши на инкасаторите или пак во еден од двата наплатни центри, кои се наоѓаат на градскиот пазар и во центарот на градот.

Преку сервисната службата ќе се врши замена и сервисирање на неисправните броила (водомери) и остранување на помали дефекти на славини, казанчиња, вентили и др.

ПРОГРАМА
за одржување на гробишта за 2006 година

Согласно Одлуката за комунален ред на Општина Штип одржувањето на гробиштата и давањето на погребни услуги ЈП "Исар" го врши преку РЕ "Погребна служба"

Во текот на 2006 година РЕ "Погребна служба" ги планира следните активности:

| | |
|---|---|
| 1. Оградување на дел од новите градски гробишта со вкупна должина од 350 $м^1$ проценета вредност | 150.000,00 денари |
| 2. Оградување на објектот "Градска капела" 200$м^1$ проценета вредност | 300.000,00 денари |
| 3. Бетонирање на пешачки патеки низ парцелите околу 800 $м^2$ (стари и нови гробишта)проценета вредност од | 320.000,00 денари |
| 4. Бетонирање или асфалтирање на паркинг плац на објектот"Градска капела"околу 550$м^2$со проценета вредност | 200.000,00 денари |
| 5. Тампонирање на прилазни патишта низ новите и старите гробишта со површина од 3500$м^2$ проценета вредност | 70.000,00 денари |
| 6. Набавка на специјално погребно возило со проценета вредност | 600.000,00 денари |
| 7. Обнова на постоечката ограда во старите гробишта | 25.000,00 денари |
| 8. Одржување на паркот околу градската капела -700$м^2$ | 25.000,00 денари |
| Вкупно: | 1.690.000,00 денари |

Средствата во висина од 1.690.000,00 денари се планира да се обезбедат од сопствени извори.

## П Р Е Г Л Е Д
на планирани приходи и расходи

| Приходи | |
|---|---|
| | |
| Прих.од дог.за погр | 5.458.000,00 |
| Прих.од изг.на спом | 1.800.000,00 |
| Прих.од погр.опрем. | 1.250.000,00 |
| Прих.од погреб | 1.100.000,00 |
| Други приходи | 400.000,00 |
| Вкупно: | 10.008.000,00 |

| Расходи | |
|---|---|
| | |
| Потр.матерј.и суро. | 1.700.000,00 |
| Набавн.вред. | 1.545.000,00 |
| Потр.елект.енрг. | 163.000,00 |
| Потр.гориво | 420.000,00 |
| Потр.резер.делови | 100.000,00 |
| Трош.за услуги | 80.000,00 |
| Амортизација | 470.000,00 |
| Бруто плата | 3.140.000,00 |
| Хранар.и др.тр.враб | 410.000,00 |
| Други трошоци | 200.000,00 |
| Вкупно: | 8.220.000,00 |

## П Р О Г Р А М А
РЕ "Бања Кежовица со хемиско чистење"

РЕ "Бања Кежовица со хемиско чистење" во рамките на своите активности ги врши следниве основни дејности:

- обезбедува услови за бањско капење на граѓаните како и услови за ноќевање и престој на гости во сопствени сместувачки капацитети, врши перење и пеглање на постелнини и секаков вид веш.

Во текот на 2006 година оваа работната единица ги планира следните активности:

| | |
|---|---|
| 1. Реконструкција на водоводната инсталација (за ладна и топла вода) | 280.000,00 денари |
| 2. Реконструкција на електрична инсталација | 180.000,00 денари |
| 3. Градежни, молерофарбарски работи | 50.000,00 денари |
| Вкупно: | 510.000,00 денари |

Средствата во висина од 510.000,00 денари се планира да се обезбедат од сопствени извори.

П Р Е Г Л Е Д
на планирани приходи и расходи

| Приходи | | Расходи | |
|---|---|---|---|
| Прих.од такси биле. | 2.900.000,00 | Потр.матерј.и суро. | 600.000,00 |
| Прих.од ноќевање | 1.400.000,00 | Набавн.вред. | 320.000,00 |
| Прих.од тргов.стока | 380.000,00 | Потр.елект.енрг. | 357.000,00 |
| Вкупно: | 4.680.000,00 | Трошоци за услуги | 83.000,00 |
| | | Амортизација | 280.000,00 |
